# Електронска пошта – малку бонтон

1. При отворање на лична електронска пошта, задолжително да се наведе полното име и презиме. На тој начин, примачот на поштата ќе знае од кого е таа.




2. При пишување на порака во полето **Subject** **задолжително** да се користи некој клучен збор, полето значи никогаш не смее да е празно,  што ќе ја одразува содржината на пораката. Немојте да користите за предмет на пораката „Поздрав“ или „Здраво“ или пак „здр“ – тоа е поздравот што може да го користите во самата порака – „Прочитај“, итн. Нема никаква логика да сакате да прашате нешто во врска со испитот, а за предмет на пораката да ставите „здраво“!!! Од некои луѓе имам 30-тина пораки со предмет „здраво“ и кога сакам да најдам некоја конкретна порака треба сите да ги отворам. Друг израз што некои редовно го користат е за предмет ставаат од кого е пораката. На пример, како предмет ставаат „од Виолета“. Ако пораката ја пишува Виолета, тоа веќе се гледа во полето From. Немојте да користите општи изрази како „прашање“ туку во врска со што е прашањето. Јасно е штом пишувате, имате нешто нејасно. Полето за предметот е доста големо и може да има повеќе зборови, но и тука не смее да се претерува – некои шампиони целата порака ја пишуваат во тоа поле!! Кога праќате датотека со вежба, предметот да биде „vazba br. ??“ (со латинични букви затоа што со кириличните понекогаш има проблеми).
3. Кога праќате порака на повеќе лица, освен во случај кога сакате да нагласите кому сѐ сте ја пратиле пораката, користете ја можноста **BCC** (Blind Carbon Copy – слепа копија). На тој начин тој што ќе ја добие пораката, нема да ги има сите имиња и нивните е-адреси туку само ќе се појави Undisclosed number of recipients (непознат број на примачи). Ова е важно затоа што собирачите на адреси преку кој се праќаат секакви непотребни понуди (spam) потешко доаѓаат до адреси за малтретирање.




4. Во ситуација кога препраќате порака со употреба на наредбата **Forward**, избришете ја историјата на пораката, кој ви ја пратил. Се случува некои „забавни“ пораки да имаат 100-тина е-адреси во нив. Прво не е убаво сите да знаат од кого сте ја добиле пораката, кому сѐ тој ја пратил, односно од кого ја добил итн. На луѓе што ми праќаат такви пораки, воопшто не им праќам какви било пораки, затоа што не сум сигурен дали она што им го пишувам нема да го прошират каде што ќе стигнат.

   Посебна категорија се пораките каде пишува нешто од типот „ако ја препратите оваа порака на толку и толку адреси ќе ви се случи нешто убаво, ако не тешко вам“! Бришете ги таквите празноверни пораки и не придонесувајте кон електронското загадување во светот на комуникациите.




5.